**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр.10–335/3 од 11.04.2023 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за спроведување на јавен увид на** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 37, 38, 39, 40 и дел од КП 41, КО Бучиште - општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за произвотство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 37, 38, 39, 40 и дел од КП 41, КО Бучиште - општина Пробиштип,** изработен од страна на планерската куќа Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "ТЕКТОН" ДООЕЛ- Скопје, со **Тех.бр.394/22, од март 2023 година.**

Предметниот проектен опфат за горенаведениот урбанистички проект, се наоѓа во КО Бучиште, Општина Пробиштип и се наоѓа надвор од соседните плански опфати, а со самото тоа и нема дефинирано намена на земјиштето согласно Законот за урбанистичко планирање.

Урбанистичко проектната документација се предвидува да биде со класификација на намена: Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Проектниот опфат се наоѓа јужно од градот Пробиштип во КО Бучиште, општина Пробиштип. Пристапот до проектниот опфат е од некатегоризиран пат КП 42, Бучиште (дпнз) од јужна страна.

Површина на проектниот опфат е **33 156m2 (3,32ха).**

Граница на проектниот опфат е:

- Северозападна: КП 1514/1, КО Бучиште
- Североисток: КП 1514/1, КО Бучиште
- Југоисток: дел од КП 41, КО Бучиште
- Јужно: КП 42, КО Бучиште
- Источна: КП 549, 548, 547, 553, КО Зарапинци

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:****032/483-131****; факс:****032/483-047***
*www.probistip.gov.mk* *info@probistip.gov.mk*

# ЈАВНИОТ УВИД

**на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 37, 38, 39, 40 и дел од КП 41, КО Бучиште - општина Пробиштип**, изработен од страна на планерската куќа Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "ТЕКТОН" ДООЕЛ- Скопје, со **Тех.бр.394/22, од март 2023 година,** ќе трае 15 (**петнаесет**) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената *web* страна на општина Пробиштип *www.probistip.gov.mk*, во периодот од **12.04.2023 год.** до **26.04.2023 год**., за кое време може да се доставаат евентуални забелешки, секој работен ден од 7.30 до 15.30 часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

Со почит,

Изготвил: Ј.Дукоска дИа

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Date: 2023.04.11 15:29:31 +02'00'

**м.п.**

**Одделение за урбанизам**
**Раководител**
Бранко Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2023.04.12 07:48:50 +02'00'